СТАР

Извештај од истражување:

# Анализа на недостатоците во социјалната и казнената правна рамка кои влијаат врз пристапот до права кај сексуалните работници во Република Северна Македонија



Извештај од истражување:

# Анализа на недостатоците во социјалната и казнената правна рамка кои влијаат врз пристапот до права кај сексуалните работници во Република Северна Македонија


СТАР
ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Red Umbrella Fund

**Наслов на публикација:**
Анализа на недостатоците во социјалната и казнената правна рамка кои влијаат врз пристапот до права кај сексуалните работници во Република Северна Македонија

**Издавач:**
Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

**За издавачот:**
Борче Божинов, Претседател

**Уредник:**
Борче Божинов

**Автори на анализата:**
Ива Михајловска
Ненад Мицов

**Развој на прашалник за истражување помеѓу заедницата:**
Ненад Мицов
Светлана Војновска
Лила Милиќ

**Превод од македонски на англиски јазик и лектура:**
Бојан Илковски

**Графички дизајн:**
Игор Стојановски

Скопје, мај 2023 година

Издавањето на оваа публикација е во рамки на стратешките програмски активности на организацијата согласно Стратешкиот план за периодот 2022-2025 со поддршка од фондацијата Red Umbrella Fund. Ставовите и содржината изнесени во публикацијата се единствена одговорност на авторите.

CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364:176.5-051(497.7)(047.31)

АНАЛИЗА на недостатоците во социјалната и казнената правна рамка кои влијаат врз пристапот до права кај сексуалните работници во Република Северна Македонија = Analysis of the Drawbacks within the Social and Punitive Legal Framework that Affect Sex Work- ers' Access to Rights in the Republic of North Macedonia / автори на анализата Ива Михајловска, Ненад Мицов ; превод и лектура Бојан Илковски. - Скопје : Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР ; Skopje : Association for Support of Marginalized Workers STAR-STAR, 2023. - 68 стр. : илустр.
; 31 см

Фусноти кон текстот. - Напореден текст на мак. и анг. Јазик

ISBN 978-608-66532-7-9

1. Михајловска, Ива [автор на придружен текст] 2. Мицов, Ненад [автор на придружен текст]

а) Социјална заштита -- Сексуални работници -- Македонија – Истражувања

COBISS.MK-ID 60704517

# СОДРЖИНА


Акроними ....... 7

Вовед ....... 9

Цели и методологија на анализата од истражувањето ....... 11

1. Анализа на законската рамка - социјална и казнена правна рамка ....... 13

2. Анализа на квалитативни и квантитативни податоци за недостатоците во системот на социјална заштита ....... 21

2.1. Општи и социо-демографски податоци за сексуалните работници учесници во истражувањето ....... 21

2.2. Пристап до социјална заштита кај сексуалните работници ....... 24

2.2.1. Квалитет на услугите во центрите за социјална работа ....... 24

2.2.2. Комуникација во центрите за социјална работа ....... 25

2.2.3. Приоритети за намалување на бариерите во пристапот до социјална заштита согласно потребите на сексуалните работници ....... 27

2.3. Влијание на КОВИД-19 кризата врз пристапот до социјална заштита кај сексуалните работници ....... 29

2.4. Влијание на криминализирачкиот третман на сексуалната работа врз пристапот до социјална заштита ....... 29

Заклучоци ....... 31

Препораки ....... 33


ДЕКРИМИНАЛИЗА

# Акроними

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

МВР - Министерство за внатрешни работи

МП - Министерство за правда

ЦСР - Центар за социјална работа

ГМП - Гарантирана минимална помош

ЈУ - Јавни установи

# Вовед

Во Република Северна Македонија, доброволната сексуална работа е забранета преку законски одредби со кои примарно се засегнати сексуалните работници. Основна причина за уредувањето на ваква криминализирачка законска рамка е пред сè моралната загриженост за општествено неприфатливото и спротивно на традиционалните вредности однесување. Голем број сведоштва објавени во медиумите, во извештатите на бранителите на човековите права, како и на организациите на заедницата на сексуални работиници во давањето правни и социјални услуги, детектираат дека сексуалните работници најчесто се соочуваат со насилство и повреди на човековите права од институциите и од трети лица, што директно влијае на нивната безбедност при работата, но и во нивниот секојдневен живот.

Поради ваквата состојба, веќе повеќе од 15 години, заедницата на сексуалните работници, здруженијата на граѓани и нивните застапувачи, се залагаат за промена на законските решенија со кои се третира сексуалната работа, односно усвојување на законско решение со кое доследно ќе се почитуваат правата на сексуалните работници, ќе се обебзедат безбедни услови за работа преку кои ќе се заштити нивното здравје, а во случај на повреда на нивните права ќе имаат непречен пристап до правда. Со други зборови, заедницата на сексуалните работници се залага за декриминализација на доброволната сексуална работа.

Додека социјалната заштита покрива повеќе од половина од населението во Северна Македонија, поради видливо високи и зголемени основни трошоци за живот и егзистенција, социјалната помош и понатаму е под регионалните процеси[1]. Во исто време, во Република Северна Македонија започна да се спроведува амбициозна реформа на социјалната заштита од 2019 година, вклучително и воспоставување шема за гарантирана минимална помош, што нуди можност за подобрување на покриеноста, таргетирањето и адекватноста во ублажување на сиромаштијата. Тековната реформа на социјалната заштита се очекува да доведе до зголемено и соодветно обезбедување парични трансфери за сиромашните, како и испорака на поширок опсег квалитетни услуги до ранливите популации во нивните домови и заедници.

Првичните анализи сугерираат дека социјалната реформа може да биде ефективна, но успехот и одржливоста на реформата клучно лежи во спроведувањето. Сепак, и по неколку години спроведување на социјалната реформа, бројни извештаи укажуваат на одредени недостатоци во испораката на социјалната заштита од перспектива на потенцијални и реални корисници, и тоа во пристапот, приемот, запишувањето и исплатата на социјалните бенефиции. Со надминување на горенаведеното, недвосмислено ќе се постигне проширување на покриеноста и олеснување на пристапот на сиромашните и маргинализираните луѓе до овие придобивки.

Сексуалните работници се можеби едни од најмаргинализираните корисници на социјалните права и услуги, етикетирани и стигматизирани во рамки на системот на социјална заштита, пред сè поради високиот степен на осуда, отфрленост, како и стереотипизацијата на нивната професија. Оваа заедница е принудена да наоѓа свои начини и стратегии на преживување, кои честопати водат и кон неконвенционални модели на опстанок, но и голем број ризици.

1 World Bank Document

Оваа анализа ќе се обиде да ги претстави состојбите во казнената и социјалната правна рамка во Република Северна Македонија и да даде соодветни препораки за надминување на состојбите, а во насока на почитување и заштита на правата на сексуалните работници во остварувањето на правата, пред сè од областа на социјална заштита.

Воедно, во оваа анализа исто така ќе се обидеме да посветиме внимание на искуствата на заедницата на сексуални работници во поглед на бариерите со кои се соочуваат во остварувањето на нивните социјални права и пристапот до услуги, и во таа насока да одговориме со соодветни препораки за надминување на детектираните пречки.

Меѓу другото, анализата ќе даде и свои гледишта за начинот и улогата на медиумите во дестигматизацијата на оваа професија и зајакнувањето на јавната свест во смисла на правење јасна разлика помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе.

Ова истражување беше развиено од граѓанската организација СТАР-СТАР Скопје, како единствена организација предводена од заедницата на сексуални работници и беше спроведено помеѓу сексуалните работници од страна на членови од заедницата, како единствен модел кој на структуриран начин може да обезбеди веродостоен преглед на податоци, информации и искуства прибрани директно од заедницата, како најзасегната.

# Цели и методологија на анализата од истражувањето

Оваа анализа е развиена во рамки на истражување спроведено од СТАР-СТАР Скопје, како организација предводена од жени, мажи и трансродови сексуални работници со цел:

1. Да ги документира главните проблеми и бариери со кои се соочуваат сексуалните работници во пристапот до социјалната заштита, како и да ги мапира главните приоритети за намалување на бариерите во пристапот до права, согласно потребите на сексуалните работници, и

2. Преку анализата на прибраните податоци да понуди конкретни насоки и препораки за унапредување на институционалниот систем и правната рамка преку кој сексуалните работници ги остваруваат своите права, со фокус на правата од социјална заштита.

Притоа, фокусот е ставен пред сѐ на искуствата и сведоштвата кои ги имаат сексуалните работници во остварувањето на правата пред јавните установи, како што се меѓуопштинските центри за социјална работа. Податоците во оваа анализа ќе можат да придонесат и кон зајакнување на изнесените аргументи за промена на законските решенија, особено во делот на криминализација и пенализација на доброволната сексуална работа, а исто така ќе  придонесат и за прецизно мапирање на недостатоците кај непосредните даватели на социјални услуги во центрите за социјална работа (ЦСР) во насока на унапредување на нивната работа, особено со корисниците на социјалните права и услуги од маргинализираните заедници, како што се сексуалните работници.

Содржината и наодите од оваа анализа се засноваат на податоците и информациите прибрани преку следниве методолошки постапки:

1. Анализа на законската рамка за социјална заштита и правна заштита;

2. Анализа на квантитативни и квалитативни податоци од интервјуа со заедницата спроведени во 2022 година; и

3. Користење секундарни извори на податоци.

Анализата на законската рамка послужи како основа за утврдување на поставеноста на системот за социјална заштита како и системот за правда, како главен предуслов за обезбедување заштита на човековите права на сексуалните работници.

Во оваа насока, при подготовката на оваа анализа беа користени главните наоди од претходно прибраните квантитативни и квалитативни податоци од страна на организацијата СТАР-СТАР Скопје преку интервјуа спроведени во 2022 година. Интервјуата беа спроведени во октомври  и ноември 2022 година, помеѓу 34 сексуални работници со цел да се документираат бариерите со кои се сретнуваат сексуалните работници при остварувањето на одредни права од системот на социјална заштита. За интервјуата беше развиен прашалник, структуриран и спроведен со директна вклученост на членовите на заедницата, а за неговото спроведување беше обезбедена усна согласност пред почетокот на секое интервју. Прашалникот беше организиран во два дела - во првиот дел беа обезбедени детални демографски податоци, а со вториот дел беа документирани искуствата на сексуалните работници при приста-

пот до институционална социјална заштита, како и најчестите бариери со кои се соочуваат сексуалните работници при остварување на правата од социјална заштита. Идентификувањето на учесниците во истражувањето беше базирано на методот на погодност (Convenience sampling) со помош на теренските работници на СТАР-СТАР Скопје во Скопје, Гостивар и Струмица, каде организацијата има свои огранoци и обезбедува поддршка и грижа за сексуалните работници. Притоа, беа направени напори да се обезбеди репрезентативен примерок и разноликост во демографските карактеристики на учесниците, со цел да се обезбеди сеопфатност и релевантност на прибраните податоци. Критериуми за вклучување во истражувањето беа учесниците да се на возраст над 18 години, да се занимаваат со доброволна сексуална работа и да живеат во Северна Македонија, а истите дадоа усна согласност за учество во истражувањето.

Дополнително, беа користени и секундарни извори на податоци, како меѓународни и национални извештаи за состојбата, остварувањето и заштитата на правата на сексуалните работници.

# Анализа на законската рамка - социјална и казнена правна рамка

Факт е дека законите играат клучна улога во обликувањето на изборот на сексуалните работници, справувањето со социјалната стигма и дискриминацијата на сексуалните работници и нивните семејства, ублажувањето на насилството и експлоатацијата во сексуалната работа.

Концептуално, системите за социјална заштита почиваат на неколку главни столбови и тоа: социјалното осигурување, социјалната помош, социјалните услуги и програми за пазарот на трудот.

Социјалното осигурување има за цел да го изедначи приходот низ животниот циклус и да ги заштити луѓето од егзистенцијални ризици и обично опфаќа бенефиции засновани на индивидуални придонеси како што се старосните пензии, инвалидските пензии и семејни пензии. Лицата кои придонесуваат за овие програми се оние кои имаат право на бенефиции, обично врз основа на должината и нивото на нивниот придонес. Од друга страна, социјалната помош има за цел да ги заштити луѓето од паѓање во сиромаштија и да обезбеди поддршка во одредени моменти од животниот циклус преку програми без придонеси, вклучувајќи непридонесни пензии (често наречени социјални пензии) и парични надоместоци поврзани со семејството и децата. Социјалните услуги обезбедуваат поддршка за подобрување на животните услови на поединците и нивните семејства кои се соочуваат со различни ризици во текот на животниот циклус, како што се децата, адолесцентите, старите лица и лица со попречености.

За потребните на анализата, ќе се задржиме само на социјалните парични трансфери и на социјалните услуги кои во овие околности на криминализација на доброволната сексуална работа преставуваат два клучни столба за заштита на сексуалните работници.

Реформата во социјалната заштита во 2019 година имаше за цел да ја консолидира својата фрагментирана и паралелна шема на социјални бенефиции кои се преклопуваа. Трошењето социјална помош пред реформата беше споредливо ниско и високо фрагментирано низ неколку програми. Одредени недоследности на дизајнот и покриеноста на програмите го направи системот неефикасен. Реформите утврдени во новиот Закон за социјална заштита и измените на Законот за детска заштита резултираше со низа промени, вклучувајќи го и воведувањето на проверена шема на финансиски средства - гарантирана минимална помош (ГМП) која ги замени сите тековни програми за социјална помош[2]. Во тој дел и измените на Законот за детска заштита воведоа образовен додаток и реформиран детски додаток.



2 Тие вклучуваа социјална парична помош, постојана парична помош и финансиска помош за лице чиј статус е дете без родители и родителска грижа.

| КАТЕГОРИЈА | | КОРИСНИЦИ И ПРОГРАМИ |
|---|---|---|
| Социјална заштита | Социјални бенефиции на ранливите, сиромашните и на лицата со попреченост | • Гарантирана минимална помош<br>• Детски додаток и образовен додаток<br>• Родителски додаток<br>• Надоместок за попреченост<br>• Надомест за помош и грижа за друго лице<br>• Надомест на плата со скратено работно време<br>• Додаток за домување<br>• Траен надоместок<br>• Еднократна парична помош<br>• Социјална помош за стари лица |
| Социјални услуги | | • Информации и упатување до услуги<br>• Служби за професионална помош и поддршка<br>• Советувалишта<br>• Услуги во домот<br>• Услуги на заедницата<br>• Услуги за вон-семејна заштита |

**Табела 1.** Систем на социјална заштита во Република Северна Македонија, согласно Законот за социјална заштита од 2019 година

Гарантираната минимална помош (ГМП) претставува значително подобрување и е дизајнирана да обезбеди сеопфатна мрежа за социјална заштита. Покрај консолидирањето на програмите за да се прошири покриеноста, прагот на подобност за пресметката на гаратираната минимална помош е зголемен на 4.000 денари, околу 40% повисок од прагот на предходниот систем на социјални бенефиции од 2 871 ден.

Благодарение на оваа промена во подобноста, програмата започна со околу 5 000 повеќе корисници во споредба со предходната шема на социјални бенефиции. Во однос на плаќањата, ГМП ја покрива разликата меѓу приходот на домаќинството и утврдениот праг, кој е максимум 10 000 денари месечно за петчлено семејство со користење скала за еквивалентност. Корисниците на минималната гарантирана помош автоматски добиваа енергетски надоместок од 1 000 денари од октомври 2021 до март 2022 година, а имаат и  право на образовен и детски додаток. Како резултат на тоа, поддршката обезбедена според гарантираната минимална помош е поадекватна од претходните програми[3].

Како што веќе напоменавме, паралелно се преземаа и реформи на законодавството во делот за заштита на децата каде се обезбеди дополнително детски и образовен додаток. За деца се обезбедува детски додаток на возраст под 18 години кои живеат во домаќинства кои имаат вкупен просечен месечен приход под одреден праг во изминатите три месеци[4]. Прагот почнува од 6 800 денари и се зголемува со-

3 World Bank Document

4 Оваа поволност не е достапна за оние кои поседуваат друга семејна куќа или стан во кој не живеат или не ја користат за живеење, стан или куќа во изградба, деловен простор, заштеди / штедна инвестиција во износ од над 70 000 денари и хартии од вредност.

одветно на карактеристиките на домаќинството преку еквивалентна скала до осум члена. Надоместокот, исто така, се менува според бројот и возраста на децата во домаќинството[5]. Реформираниот детски додаток го зголеми прагот (од 6 000 ден до 6 800 денари) и го отстрани ограничувањето за подобност на оние кои моментално работат или примаат бенефиции за невработеност. Како резултат на тоа, за четири пати повеќе се зголемија корисниците на детски додаток.

Надоместокот за образование е продолжување на условниот трансфер на готовина за средно образование и е предвидено за домаќинства со дете во основно или средно образование, под услов детето да посетува барем 85% од реализираните наставни часови[6]. Прагот е поставен на 6 800 денари, а исто така се зголемува со бројот на луѓе во домаќинството. Годишна исплата е 8 400 денари за ученици од основно училиште, а за средно училиште 12 000 денари. За овие социјални бенефиции, корисниците на ГМП се автоматски подобни и за детски додаток и за образование.

Сепак, за да се подобри ефективноста на целокупната програма и да се осигура дека сите подобни корисници се опфатени, мора да бидат земени предвид клучните елементи за имплементација. Понатамошни инвестиции во подобрување на комуникацијата, достапноста и пристапот ќе ги унапредат целите на реформата на социјалната заштита, меѓу другото и целите дека секој што е подобен е свесен за правото да аплицира за поддршка и е во состојба да го направи тоа. Сепак, според проценка спроведена од УНИЦЕФ, скоро 27% од домаќинствата кои биле подобни според измените во правото за гарантирана минимална помош[7] не биле свесни за нивната подобност за време на пандемијата со КОВИД-19. Ова ја потврдува општата идеја дека првиот чекор во остварувањето на правата од социјална заштита (информираност за достапноста) често е најслаб[8]. Дополнително, има и такви сугестии кои упатуваат дека комуникацијата и достапноста се насочени кон општата популација и не се прилагодени на специфичните потреби на ранливите и маргинализираните популации, како што е во случајот на заедницата на сексуални работници.

Од друга страна пак, реформата на социјалните услуги во Северна Македонија се стреми, меѓу другите цели, дополнително да го прошири опсегот на социјални услуги достапни за ранливите популации низ општините, односно на локално ниво. Законот за социјална заштита од 2019 година ги дефинира социјалните услуги како:

- Услуги на информации и упатување;
- Стручна помош и услуги за поддршка;
- Советодавни услуги;
- Домашни услуги, вклучувајќи домашна помош и нега и лична помош;

5 Износите за детски и образовни додатоци се земени од Законот за детска заштита, во кој се вели дека ќе се зголемат согласно покачувањето на трошоците за живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

6 Согласно Законот, правото на образовен додаток се остварува доколку детето е запишано како редовен ученик во основно или средно училиште. Додаток се користи за дете кое посетува најмалку 85% од вкупниот број реализирани наставни часови и не користело додаток за образование за истата учебна година.

7 Како дел од одговорот на пандемијата со КОВИД-19, Владата ја измени подобноста за ГМП да го прошири опфатот на дополнителни домаќинства.

8 Lindert, K, et al. eds. 2020. Sourcebook on the Foundations of Social Protection Delivery Systems. Washington, DC: World Bank.

- Услуги во заедницата[9];
- Услуги за грижа надвор од семејството.

Признавајќи дека потребите на населението се разликуваат од општина до општина, законот утврдува процес со кој општините, првично со поддршка од ЈУ Меѓуопштинските центри за социјална работа и МТСП ги оценуваат своите потреби за да ги идентификуваат видовите социјални услуги кои треба да бидат воспоставени. Оваа реформа, бара општините да преземат водство во проценката на потребите на локалната заедница што бара вештини и експертиза, а моментално повеќето општини сè уште не ги поседуваат истите. И покрај тоа, намерата е да се обезбеди целосен опсег на достапност на социјалните услуги.

Во согласност со светските трендови, мандатот на Министерството за труд и социјална политика се префрли на стандардно поставување, обезбедување квалитет и финансирање, со давање услуги од страна на општините и даватели на услуги. Преку реформата од 2019 година, МТСП бара промена на улогите. Општините ќе го преземат водството во идентификувањето на нивните приоритети и нудење услуги во партнерство со локална услуга и давателите на услуги, додека МТСП ќе поставува стандарди и рамки, следење на обезбедувањето услуги и финансиски услуги. Овој пристап е во согласност со глобалното оддалечување на владите од директно обезбедување социјални услуги кон дејствување како управител, кој поставува стандарди, обезбедува квалитет и ги финансира услугите.[10]

Како прв чекор во оваа реформа, МТСП го реформираше лиценцирањето на даватели на социјални услуги. Паралелно, МТСП ги финансира услугите преку грантови доделени од повикот за аплицирање од општините и локалните даватели на услуги (до денес, тоа се граѓанските организации). Додека оваа реформа напредува, таа бара фундаментална промена во начинот на работа на организациите во системот, барајќи, меѓу другите промени, значително зголемување на капацитетот на општините за управување со давателите на услуги, работата на ЈУ Меѓуопштинските центри за социјална работа, следењето и оценката на квалитетот на социјалните услуги од страна на МТСП. Одлуката за цена на плаќање на социјалните услуги од страна на МТСП кон давателите на социјални услуги се покажа како соодветен модел само за дел од услугите, што поттикна интерес и зголемување на регистарот на овластени даватели на социјални услуги. Но, за дел од услугите, кои пак се клучни за сексуалните работници, како советувалиште, советувалиште за заштита од насилство и слично, сè уште не се воспоставени поради исклучително ниската цена на услугата[11]. Во ваква состојба, сексуалните работници покрај ограниченоста во пристапот кон социјалните бенефиции и социјалните услуги, дополнително не ја добиваат ни соодветната заштита и поддршка, загарантирана со закон.

Во делот на казнената политика, правната рамка за сексуалната работа во Република Северна Македонија е следна: Оние кои користат сексуални услуги за пари или за други добра не се казнуваат. Луѓето кои даваат сексуални услуги се казнуваат прекршочно со парична казна[12], додека сите останати дејствија на сексуалната ра-

9 Владата обезбедува дневен престој и привремен престој за деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица, стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.

10 World Bank Document

11 Одлука за цени за социјални услуги 2023_20221215144540.pdf (mtsp.gov.mk)

12 Прилог 6 – АНАЛИЗА на ставови.pdf (nvosorabotka.gov.mk)

бота се предмет на кривично правно гонење[13]. Врбувањето, наведувањето, поттикнувањето на луѓето да даваат сексуални услуги за пари и други добра се смета за кривично дело[14]. Исто така, какво било учество во предавање на одредено лице на друг заради давање сексуални услуги или организирање сексуална работа се казнува кривично[15].

Спроведувањето на законите преку репресивни методи на криминализирање на сите активности поврзани со сексуалната работа доведува до одржување на негативниот стереотип кај општата јавност дека сексуалната работа е кривично дело кое заслужува најстрога морална, општествена и правна санкција. Ваквата политика директно влијае врз безбедноста и здравјето на сексуалните работници, а најголем број од повредените права остануваат непријавени, а сторителите неказнети. Кривичното гонење и осудата се евидентираат во кривичната евиденција во базата на податоците во судовите и во Полицијата со што на сексуалните работници им се ограничува пристапот до други можности за вработување[16].

Во Република Северна Македонија индивидуалната сексуална работа е незаконска, таа претставува административен прекршок. Вршењето сексуална работа, односно „прибегнување кон проституција“ е нарушување на јавниот ред (Чл. 19 од Законот за нарушување на јавниот ред во РСМ), односно од јули 2022 година прекршочно ќе се казни оној кој се оддава на проституција (на јавен простор) за што ќе му се изрече глоба од 100 до 250 евра во денарска противвредност. За некои други активности во врска со сексуалната работа (набавка, поттикнување, заработувачка од олеснување на давањето сексуални услуги) се третираат и казнуваат како кривични дела (Чл. 191 од Кривичниот закон).

Криминализирањето на продажбата или купувањето сексуални услуги ги изложува сексуалните работници на поголем ризик од злоупотреби преку носење на сексуалната работа во подземјето. Со криминализацијата, за сексуалните работници станува потешко да добијат здравствени услуги, безбедно да преговараат со клиенти и да носат кондоми без да се плашат дека тие ќе бидат ис користени како доказ за проституција. Во многу ситуации сексуалните работници пријавуваат екстремни нивоа на насилство и малтретирање од клиенти, интимни партнери, менаџери, но и од полицијата. Со криминализацијата, за сексуалните работници е особено тешко да ги пријавуваат повредите на правата, посебно од страна на полицијата, бидејќи подоцна тие се подложни на апсење и одмазда. Ваквата ситуација ги продолжува стигмата, насилството и неказнивоста кои понатаму го загрозуваат нивното здравје и безбедност.[17]

Во практичната примена на овие законски одредби, Министерството за внатрешни работи (МВР) не ја препознава разликата помеѓу доброволната сексуална работа  и сексуалната експлоатација за проституција, со што наместо да преземаат мерки за елиминација на експлоатацијата, надлежните органи најчесто преземаат мерки против жртвите на сексуалната експотација. Врз основа на експертски проценки поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје на маргинализираните заедници, во земјава има од 3 000 до 4 000 лица кои се занимава-



13 Прилог 5- Компаративна анализа(SWE-NZ-GER).pdf (nvosorabotka.gov.mk)
14 Прилог 5 – Компаративна анализа(SWE-NZ-GER).pdf (nvosorabotka.gov.mk)
15 Прилог 6 – Анализа на ставови.pdf (nvosorabotka.gov.mk)
16 Прилог 5 – Компаративна анализа(SWE-NZ-GER).pdf (nvosorabotka.gov.mk)
17 FOOM (fosm.mk)

ат со сексуална работа, вклучително и оние кои се принудени да вршат сексуални услуги, т.е. оние кои можат да се идентификуваат како жртви на трговија со луѓе[18].

Целосната декриминализација подразбира отстранување на сите кривични и прекршочни забрани и казнувања поврзани со сексуалната работа, вклучувајќи ги и законите кои се насочени кон клиентите или менаџерите и сопствениците на бордели и регулирање на дејноста според веќе постоечките закони за работни односи и мерките за заштита на работно место. Декриминализацијата значи отстранување на кривичните и административните казни кои важат за сексуалната работа, со што се дозволува таа да биде регулирана со закон за работни односи и заштитена слично како другите работни места. Таа примарно се однесува на прописи кои ги унапредуваат здравјето и безбедноста на работниците.

Легализацијата пак е тесно, прецизно законско регулирање на сексуалната работа имајќи предвид повеќе аспекти како што се здравјето на клиентите, оданочувањето и јавниот морал. Како резултат на тоа, легализацијата може да вклучува регулативи со кои се ограничуваат правата и заштитата на сексуалните работници, како на пример задолжително тестирање за ХИВ. Исто така, легализацијата може подлабоко да ги стигматизира сексуалните работници и да создаде механизми за злоупотреба од страна на властите. На пример, во Холандија, каде сексуалната работа е легализирана, полицијата користи операции против трговија со луѓе како изговор за упад во домовите на сексуалните работници без налог и за масовно апсење на сексуални работници. Легализацијата е модел кој подразбира посебен закон само за сексуална работа[19].

Сепак, моделот на декриминализација е оној кој во целост ќе ги подобри условите во кои сексуалните работници живеат и работат. Тие сами ќе можат да одлучуваат во какви околности ќе ги изведуваат своите професионални услуги. Декриминализацијата ќе им овозможи на сексуалните работници полесен пристап до здравствена грижа. Последно, но особено важно, декриминализацијата на сексуалната работа ќе го разграничи митот и поврзаноста помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе[20].

Декриминализацијата на сексуалната работа значи укинување на законите со кои се казнуваат сексуалните работници, но и сите дејства околу сексуалната работа и ставање во фокус на правата, интересите и потребите на сексуалните работници. Ако сексуалната работа не е забранета со закон, институциите и опкружувањето ќе ги прифатат сексуалните работници и ќе се овозможи заштита на сексуалните работници од насилство и дискримианција на нивното работно место. Признавањето на сексуалната работа ќе придонесе до полесен пристап до правда во случај на повреди на нивните права и соодветно казнување на сторителите, со што ќе се превенира идно насилство и дискриминација[21].

Во суштина, декриминализацијата на сексуалната работа е пред сè признавање на сексуалната работа како работа, слично како и останатите услужни дејности. Декриминализацијата подразбира слобода во изборот на формата и начинот на организирање на работата, а во наши услови тоа би значело организирање на сексуалните работници да работат заедно, самостојно како самовработени луѓе или

18 Коалиција МАРГИНИ | Сексуална работа во Македонија (coalition.org.mk)

19 https://www.opensocietyfoundations.org/publications/10-prichini-za-dekriminalizacia-na-seksualnata-rabota/mk

20 Декриминализација на сексуалната работа во Македонија (hops.org.mk)

21 Декриминализација на сексуалната работа во Македонија (hops.org.mk)

можност да се вработат кај друг кој ја организира сексуалната работа. Како и секоја друга работа, сексуалната работа треба да ги гарантира правата и обврските кои произлегуваат од работен однос. Финансиската придобивка на државата во таа смисла би била плаќање на персонален данок на доход или данок на добивка соодветно.

Декриминализацијата, исто така помага за поефикасен одговор во борбата против трговијата со луѓе. Трговијата со луѓе е ужасно прекршување на човековите права кое вклучува закана или употреба на сила, киднапирање, измама или други форми на присилба со намера за експлоатација. Овде спаѓаат и принудната работа, сексуалната експлоатација, ропството и друго. Од друга страна, сексуалната работа е трансакција помеѓу возрасни лица за која тие се согласиле, а во која дејството на продавање или купување сексуални услуги не значи прекршување на човековите права.

Организациите на сексуални работници се против сексуалната експлоатација, а Водичот на UNAIDS за ХИВ[22] посочува дека организациите на сексуални работници може да се во позиција да ги упатат жртвите на трговија со луѓе до соодветните услуги и сервиси.

Дополнително, моделот за декриминализација и депенализација едногласно е избран од страна на сексуалните работници во Република Северна Македонија како најсоодветен модел кој овозможува правно признавање на сексуалната работа како работа и остварување на правата и слободите на сексуалните работници загарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија, согласно Колективниот став[23] на сексуалните работници од организацијата предводена од самата заедница, донесен во 2022 година.



---

22 Воведување_на_сеопфатни_ХИВ_СПИ_програми_со_сексуални_работници.pdf (starsexwork.org)

23 Колективен став на СТАР - Прв колектив на сексуални работници на Балкакот за правна регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија

# Анализа на квалитативни и квантитативни податоци за недостатоците во системот на социјална заштита

## 2.1 Општи и социо-демографски податоци за сексуалните работници учесници во истражувањето

Од податоците добиени од интервјуата, скоро половина од интервјуираните сексуални работници се од Скопје (41,2%), а дел од нив се од Гостивар (29,4%) и Струмица (29,4%). Значителен дел од нив се на возраст помеѓу 31 до 50 години (64,7%), помалку од половина се помеѓу 20 до 30 години (26,5), а многу мал дел се на возраст од 50 и повеќе години (8,8%).

Најголем дел од сексуалните работници се жени (82,4%), но значителен дел се и трансродови лица (17,5%). Според нивната етничка припадност, најзастапени сексуални работници има од ромската заедница (41,2%), потоа од македонската (38,2%), но многу помалку сексуални работници се од албанската (5,9%) и турската (14,7%) заедница.

На прашањето за каков тип на образование имаат интервјуираните сексуални работници, податоците укажуваат дека повеќе од половина од нив имаат оформено средно образование (23,5%) и оформено основно образование (29,4%). Сепак, меѓу интервјуираните сексуални работници, дел се со неоформено основно образование (14,7%), како и неоформено средно образование (11,8%). Во групата на интервјуирани сексуални работници има значителен дел и без образование (11,8%), додека 5,9% немаат никакво образование. **Најголем дел од сексуалните работници кои го одговориле прашалникот се невработени (85,3%),** додека многу мал број се вработени (8,8%), а незначителен дел се хонорарци (2,9%) или биле во компании кои банкротирале (2,9%).

Во однос на месечните примања, односно месечни приходи, половина од интервјуираните се корисници на социјални бенефиции (47,1% - гарантирана минимална помош), мал дел се хонорарно ангажирани (14,7%), додека незначителен дел се вработени и добиваат плата од редовен работен однос (5,9%). Најголем дел од нив се изјасниле дека **изворот на месечни примања им е од сексуалната работа (76,5%).**

Имајќи ја предвид законската рамка на здравствена заштита и здравствено осигурување, не изненадува податокот дека најголем дел од интервјуираните се здравствено осигурани (85,3%), но исто така пак е **забележителен податокот дека дел од нив немаат здравствено осигурување (14,7%).** Сексуалните услуги кои ги нудат интервјуираните сексуални работници **се повеќе од половина во приватен простор (61,8%), половина од нив ги нудат сексуалните услуги на улица, односно на отврена сцена (50%)**, а дел од нив работат како сексуални работници во ресторани, барови или бордели (26,5%). Незначителен дел од нив ги нудат сексуалните услуги во хотел (8,8%) или преку огласници и познаници (2,9%).

| **Место на живеење** | **n** | **%** |
|---|---|---|
| Скопје | 14 | 41,2 |
| Гостивар | 10 | 29,4 |
| Струмица | 10 | 29,4 |
| **Возраст** | | |
| 20-30 години | 9 | 26,5 |
| 31-50 години | 22 | 64,7 |
| 50+ години | 3 | 8,8 |
| **Род** | | |
| Жена | 28 | 82,4 |
| Маж | 1 | 5.0 |
| Трансродово лице | 5 | 17.5 |
| **Етничка припадност** | | |
| Македонска | 13 | 38,2 |
| Албанска | 2 | 5,9 |
| Турска | 5 | 14,7 |
| Ромска | 14 | 41,2 |
| **Образование** | | |
| Без образование | 4 | 11,8 |
| неоформено основно образование | 5 | 14,7 |
| оформено основно образование | 10 | 29,4 |
| неоформено средно образвование | 4 | 11,8 |
| оформено средно образвование | 8 | 23,5 |
| неоформено високо образовение | 2 | 5,9 |
| друго | 1 | 2,9 |
| **Брачен статус** | | |
| самец/самица | 11 | 32,4 |
| во брак | 5 | 14,7 |
| разведен/а | 7 | 20,6 |
| вонбрачна заедница | 8 | 23,5 |
| вдовец/вдовица | 2 | 5,9 |
| Со семејство | 1 | 2,9 |

| | | |
|---|---|---|
| **Работен статус** | | |
| Невработен/-а | 29 | 85,3 |
| Вработен/-а | 3 | 8,8 |
| Под стечај | 1 | 2,9 |
| Хонорарец | 1 | 2,9 |
| **Извор на месечни примања/приходи** | | |
| Плата од редовен работен однос | 2 | 5,9 |
| Хонорарно ангажиран/-а | 5 | 14,7 |
| Социјална помош | 16 | 47,1 |
| Приходи од сексуална работа | 26 | 76,5 |
| Друго | 1 | 2,9 |
| **Здравствено осигурување** | | |
| Да | 29 | 85,3 |
| Не | 5 | 14,7 |
| **Домување** | | |
| Во сопствен стан/куќа | 19 | 55,9 |
| Под кирија | 12 | 35,3 |
| Куќа на партнер | 1 | 2,9 |
| Социјален стан | 1 | 2,9 |
| Друго | 1 | 2,9 |
| **Просечни месечни примања во домаќинството** | | |
| помалку од 15,000 денари | 15 | 44,2 |
| помеѓу 15,001 и 28,000 денари | 13 | 38,2 |
| над 28,001 денари | 6 | 17,6 |
| **Тип на доброволна сексуална работа** | | |
| Сексуални услуги на улица (отворена сцена) | 17 | 50,0 |
| Сексуални услуги во кафана, ресторан, бар, бордел | 9 | 26,5 |
| Сексуални услуги во приватен простор | 21 | 61,8 |
| Сексуални услуги во хотел | 3 | 8,8 |
| Сексуални услуги преку огласи и познаници | 1 | 22,9 |

**Табела 2.** Карактеристики на учесниците во истражувањето помеѓу сексуални работници (n=34), спроведено преку прашалници во 2022 година

## 2.2 Пристап до социјална заштита кај сексуалните работници

Речиси сите интервјуирани во истражувањето (94,1%) одговориле дека посетиле ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа. Во однос на оценката за пристап до остварување на правата од социјална заштита, на скала од 1 до 10, каде најниска оценка е 0, а највисока 10, скоро половина од сексуалните работници оценуваат со средна оценка  4 или 41,2%.




**Графикон 1.** Оценка за пристапот до социјална заштита кај сексуалните работници во Република Северна Македонија

### 2.2.1 Квалитет на услуги во центри за социјална работа

Во однос на квалитетот на услугите побарани во ЦСР и степенот на професионална услуга од страна на службениците, речиси половина од интервјуираните сексуални работници (45,5%) се изјасниле дека односот и условите во кои биле примени и за што побарале помош бил лош. Речиси и да нема одговор од прашалникот кој упатува дека односот и приемот во надлежниот центар за социјална работа бил многу добар.

Сексуалните работници истакнале дека при посета на надлежниот центар за социјална работа, речиси секогаш се сведоци на „галама, виканици, кавги помеѓу вработени и корисници", а исто така истакнуваат дека „нема никаква приватност, плус ако имаш познат ќе поминеш многу лесно". Дополнително, во дел од интервјуата се истакнува дека постои голем степен на дискриминација, исмејување и стигма. Најмногу што е истакнато е отсуството на приватност при прием во надлежниот центар.

**„Некои од вработените се дискриминаторски настроени поради тоа што сум трансродово лице. Некои од вработените се правдаат дека не ме разбираат и повикуваат други колеги само да ме гледаат“**
- трансродова сексуална работничка од Ромска заедница

Непрофесионалниот однос на вработените се потврдува и со сведоштвата на сексуалните работници кои истакнуваат дека биле игнорирани од страна на персоналот и не им била понудена информација и помош поради фактот дека го познавале нивниот идентитет на сексуални работници.

**„Кога и да побарав помош ме избегаваа пошто знаат со што се бавам“** - жена сексуална работничка од Гостивар

Разликата е видлива во одговорите на дел од сексуалните работници кои сведочат за фактот дека приемот од страна на надлежните службеници е различен кога се придружувани од страна на лица кои ги познаваат вработените.

**„Па сум немала некои потешкотии бидејќи секогаш сум одела со луѓе кои ги познаваат вработените и ме примале без никаков проблем.“**
- жена сескуална работничка од Ромска заедница

